# Дали ви се случува техничко малтретирање?

WESNET
The Women's Services Network

## Техничко малтретирање може да биде ако некој:

- го контролира вашиот телефон
- ви го зема телефонот
- ви го крши телефонот
- ве присилува да го споделувате вашиот телефон



- ги контролира вашите интернет сметки
- ве спречува да ги користите вашите интернет сметки
- ги користи вашите интернет сметки против ваша волја



- споделува ваши слики кои не сакате други да ги видат
- ви рече дека ќе споделува ваши слики кои не сакате други да ги видат, ако не правите тоа што тој/таа го сака



## Техничко малтретирање може да биде ако некој посматра што правите користејќи го:

- вашиот телефон
- скриени камери
- апликации (apps).



## Техничко малтретирање може да биде ако некој користи компјутер, телефон или таблет за да:

- продолжува постојано да ви се јавува
- кажува работи што ве повредуваат
- ве казнува
- рече дека ќе ве повреди вас или некој член на вашето семејство.




## Техничко малтретирање може да биде ако некој користи апликации (apps) или социјални мрежи за да:

- кажува нешта од кои се чувствувате лошо
- кажува нешта поради кои вие или вашето семејство изгледате лошо
- се заканува дека ќе ви направи нешто.




## Техничко малтретирање може да биде ако некој користи технички средства за да:

- дознава каде сте кога вие не сакате тој/таа да го знае тоа
- дознава што правите кога вие не сакате тој/таа да го знае тоа
- ве следи.



**Ако ви се случува техничко малтретирање, разговарајте со вашиот работник за поддршка.**

Повеќе информации може да добиете на веб-страницата.
**www.techsafety.org.au**

Women's Services Network го направи овој постер.

© 2019 WESNET. Сите права задржани.

3200